# « Е-Панели » Проект
# Партнери од Долна Нормандија во Франција

(Долна Нормандија)

"La Maison de l'Europe de Caen Basse-Normandie" е партнер во директна врска со проектот кој има организирано средби со локалните асоцијации, со цел да се оспособат активатори и да се развива проектот во овој регион.

Двајцата активатори се преставници од "le Comité de Jumelage de Démouville" и "Maison des Jeunes et de la Culture du Chemin Vert".



## La Maison de l'Europe de Caen Basse-Normandie

Преставник : г-ца Малика ДИФ



“Maison de l'Europe de Caen Basse-Normandie” е асоцијација посветена на промовирање на изградбата на Европа. Поддржува иницијативи кои придонесуваат кон меѓусебно збогатување преку особеностите на земјите од ЕУ, и има за цел да го поддржува граѓанското образование во духот на јавните услуги. Нивната мисија е да ја приближат и да ја направат Европа поразбирлива за граѓаните на долна Нормандија. Оваа асоцијација е дел од “Fédération Française des Maisons de l'Europe” и вбројува претставници на локалната власт, образовните установи, асоцијации и приватни лица помеѓу своите членови. Им овозможува на луѓето и институциите да се посветат на акција за поддршка на европската идеја во организација во која сите политички тенденции се добредојдени. Работи во партнерство со локални и меѓународни партии. Веќе три години Европска Куќа координира акција со Коалицијата СЕГА во врска со младите, образованието и граѓанството, во рамките на програмата за соработка помеѓу долна Нормандија и Македонија.

Контакт податоци : *+33 2 31 34 54 31 - info@maisoneurope-caen.org*

## Le Comité de Jumelage de Démouville

Преставник :   г-ѓа Моник Годфрој
Претседавач на одборот

“Le Comité de Jumelage de Démouville” е Одбор на збратимени градови кој иницира проекти со семејства, училишта и млади луѓе со цел да овозможи размена со странски земји, особено со Германија. Веќе започна со развивање на релации со Република Чешка. Денес, околу 20 млади луѓе учествуваат во откривањето на Европа врз основа на културолошки пристап. Одборот заедно со семејствата и младите луѓе организира многу активности како размена со млади луѓе од странски земји, екскурзии со основните училишта, излети со семејствата, часови по странски јазици, Денот на Европа, Божиќен пазар...



Контакт податоци : *+33 2 31 72 30 94* - http://jumelage-demouville.net

## Maison de la Jeunesse et de la Culture du Chemin Vert

Преставник : г-н Нордин Мусуни



“La MJC du Chemin Vert” (Дом за Млади и Култура), центар на заедницата, лоциран во популарна област на Каен. Нудиме активности од слободен тип но исто така уметнички, културни и спортски активности за деца, млади и возрасни. Оваа асоцијација е отворена за луѓе од Шемин Верт како и од целиот град Каен, и брои 1300 члена.

Нордин Мусуни е одговорен за младинскиот сектор на асоцијацијата и ги организира слободните активности за младите од оваа област.

*Контакт податоци : +33 2 31 73 29 90 - mjc-cheminvert@wanadoo.fr*